РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

Бр./Nr 12-1444/2
18-08-2025 г./v.

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Врз основа на чл. 22 ст. 1 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија“ бр. 12/19), чл. 40 ст. 2 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по предмет оформен по пријава поднесена од познат подносител, Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст: ДКСК), на својата 21-ва седница одржана на 15.08.2025 година ја донесе следната

**О Д Л У К А**

Пријавата со број 12-1444/1 од 06.05.2025 година, **СЕ ОТФРЛА.**

ДКСК утврди дека согласно со одредбите од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, нема елементи за надлежно постапување за предметниот случај.

Пријавата да се проследи на надлежно постапување до Судски совет на РСМ.

Предметот со број 12-1444/1 од 06.05.2025 година да се затвори и архивира.

Оваа одлука во деперсонализирана форма да се објави на веб страницата на ДКСК во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

**О б р а з л о ж е н и е**

Предметот со број 12-1444/1 од 06.05.2025 година е оформен врз основа на поднесена пријава од познат подносител, по електронски пат. Наводите во пријавата упатуваат на незадоволство од работата на службено лице -------------- - -------------------, претседател на Основен суд --------------, во врска со Решение за наследување О бр. -------------- и УДР бр. ------------- од 07.06.2013 година, донесено од службено лице -------------------------, нотар од ------------. Овој нотарски акт бил исправен со Решение за исправка на Решението за наследување О бр. --------------- и УДР бр-------------- од 10.02.2014 година, донесено од истото службено лице – нотар од ------------. Подносителот ги оспорил двата акта пред Основен суд ------------ поради сторена суштествена повреда на постапката – утврдување право на наследство врз основа на пописен лист и подоцна исправка со замена на

Адреса: ул. Пресвета Богородица број 3, 1000 Скопје - Република Северна Македонија
Adresa: rr. Presveta Bogorodica nr.3, 1000 Shkup - Republika e Maqedonisë së Veriut
email: contact@dksk.org.mk
тел/tel: +389 2 3248 930
https://www.dksk.mk

пописниот лист со имотен лист и со пријавата до ДКСК ја оспорува работата на претходно споменатото службено лице – претседател на Основен суд -----------, во оваа судска постапка, заради што го искажува своето особено незадоволство.

По увидот во содржината на пријавата, ДКСК утврди дека предметот нема елементи за надлежно постапување. Надлежен орган за испитување на наводите е Судскиот совет на РСМ, заради што пријавата ќе се проследи на надлежно постапување до овој орган.

Согласно со горе наведеното, ДКСК одлучи како во диспозитивот.

**Заменик претседател**

**м-р Билјана Каракашова Шулев**

Изготвил: м-р Д. Д., советник
Контролирал: Ј. Ц., раководител на одделение
Согласен: м-р И. П., раководител на сектор
Одобрил: м-р С. Д., член

Доставено до:
- Подносителот; и
- Судски совет на РСМ.

Адреса: ул. Пресвета Богородица број 3, 1000 Скопје - Република Северна Македонија
Adresa: rr. Presveta Bogorodica nr.3, 1000 Shkup - Republika e Maqedonisë së Veriut
email: contact@dksk.org.mk
тел/tel: +389 2 3248 930
https://www.dksk.mk